РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2186/4
17-08-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-мата седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-463/1 од 28.01.2022 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за отуѓување на државно земјиште и наводи за отстапување од градежна линија при изградба на станбена зграда, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи – Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, овластениот градежен инспектор на Општина /// и Министерството за транспорт и врски.

Предметот со број 12-463/1 од 28.01.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 28.01.2022 година поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за отуѓување на државно земјиште и наводи за отстапување од градежна линија при изградба на станбена зграда и оформен е предмет број 12-463/1 од 28.01.2022 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на земјиште кое се наоѓа на територијата на Општина ///, на КП /// КО /// и кое наводно било продадено без известување на непосредните соседи, при што била извршена пренамена во градежно земјиште.
Истовремено, во пријавата е наведено дека по изградба на објект од втора категорија на ул. /// во Општина ///, на КП ///, КП /// и КП ///, КП ///, КП ///, КП ///, КП ///, КП /// и КП ///, КО /// по издадено Одобрение за градење УП///од ///2020 година, градежната линија на терен отстапува од градежната линија која е прикажана во Деталниот урбанистички план за Градска четврт ///.

Со цел проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Агенцијата за катастар на недвижностите, до Министерството за транспорт и врски и до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Од увидот во прибавената документација, ДКСК утврди дека Одобрението за градење /// од ///20220 година било издадено согласно Извод од Детален урбанистички план за Градска четврт ///, Општина ///, ///.
Во однос на наводите за сомневање дека градежната линија на терен отстапува од градежната линија којашто е прикажана во Деталниот урбанистички план за Градска четврт ///, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам има доставено барање за надлежно постапување до овластениот градежен инспектор на Општина ///.
Во однос на наводите за сомневање за незаконитости во постапката за отуѓување на државно земјиште, доставено е барање за надлежно постапување до Одделението за следење и контрола на вршењето на работите со градежно земјиште при Министерството за транспорт и врски.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК констатираше дека за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи – Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, овластениот градежен инспектор на Општина /// и Министерството за транспорт и врски поради што оцени дека нема елементи за натамошно постапување.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б.., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата